K-3-2023

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - трет квартал 2023 година -


## Резиме

- Во К-3-2023 е забележан **раст на економската активност** од 1,2% на годишна основа, со што просечниот раст на БДП во првите три квартали од 2023 година изнесува 1,2%;
- **Вкупниот број невработени лица** на возраст од 15 до 74 години изнесува 102.134 лица. **Стапката на невработеност** во К-3-2023 изнесува 12,8% во категоријата од 15 до 74 години и 12,9% во категоријата од 15 до 64 години, додека кај младите лица (15 - 29 години) таа изнесува 24,0%;
- Просечната **нето-плата** во К-3-2023 изнесува 36.850 денари и бележи раст за 14,9% на номинална основа, односно за 6,6% на реална основа, споредено со нето-платата во К-3-2022;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-3-2023 се повисоки за 6,5%, а вкупните буџетски расходи за 3,4% споредено со истиот квартал од 2022 година;
- **Стапката на инфлација** во К-3-2023 изнесува 7,7% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-3-2023 се зголеми за 0,5% на квартална основа;
- Во К-3-2023 е забележан пад на **извозот на стоки** за 3,5% и на **увозот на стоки** за 10,5% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа пад од 7,%.

## Содржина:

1. Економска активност .......... 3
2. Пазар на работна сила .......... 5
3. Јавни финансии .......... 8
3.1. Буџетски приходи според економската класификација .......... 8
3.2. Буџетски расходи според економската класификација .......... 9
3.3. Расходи по буџетски корисници .......... 10
3.4. Буџетски дефицит и државен долг .......... 12
4. Инфлација и монетарни движења .......... 12
5. Надворешен сектор .......... 16
5.1. Надворешнотрговска размена .......... 16
5.2. Платен биланс .......... 19


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 591
www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.5/9-5
издание 5
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. Економска активност

Во К-3-2023 е забележан **раст на економската активност** од 1,2%, со што просечниот раст на БДП во првите три квартали од 2023 година изнесува 1,2%. Анализирано според производната страна на БДП, растот на активноста во **услужниот сектор** е на широка основа и се зголеми за 3,3%. Највисок раст во рамките на услужните дејности има кај Финансиски и дејности на осигурување од 6,6%, по што следуваат: Дејности во врска со недвижен имот од 5,6%, Стручни, научни и технички дејности од 5,5%, Информации и комуникации од 5,4%, Уметност, забава и рекреација од 2,7% и Трговија, транспорт и угостителство од 1,9%. Пад е забележан кај Јавна управа, одбрана, образование и здравство од 0,2%.

Табела 1: БДП и компоненти по производен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Сектори | реален раст (%) | | | | придонес во раст (п.п.) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | К1 2023 | К2 2023 | К3 2023 | К1-К3 2023 | К1 2023 | К2 2023 | К3 2023 | К1-К3 2023 |
| Бруто-домашен производ | 1,5 | 1,1 | 1,2 | 1,2 | | | | |
| Земјоделство | -0,2 | 0,1 | 2,0 | 0,8 | 0,0 | 0,0 | 0,2 | 0,1 |
| Индустрија | 0,2 | 1,1 | -0,8 | 0,1 | 0,0 | 0,2 | -0,1 | 0,0 |
| Преработувачка индустрија | -3,2 | -1,8 | -1,2 | -2,0 | -0,4 | -0,2 | -0,2 | -0,2 |
| Градежништво | 18,9 | -14,8 | -13,0 | -6,5 | 0,7 | -0,8 | -0,9 | -0,3 |
| Услужен сектор | 2,0 | 3,0 | 3,3 | 2,8 | 1,2 | 1,7 | 1,9 | 1,6 |
| Трговија, транспорт и угостителство | 3,4 | 4,4 | 1,9 | 3,2 | 0,7 | 0,8 | 0,4 | 0,6 |
| Информации и комуникации | 7,0 | 3,3 | 5,4 | 5,2 | 0,3 | 0,2 | 0,2 | 0,2 |
| Финансиски и дејности за осигурување | 3,7 | 3,9 | 6,6 | 4,7 | 0,1 | 0,1 | 0,2 | 0,1 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 3,6 | 4,1 | 5,6 | 4,5 | 0,4 | 0,5 | 0,6 | 0,5 |
| Стручни, научни и технички дејности | 1,5 | 3,6 | 5,5 | 3,5 | 0,1 | 0,2 | 0,2 | 0,1 |
| Јавна управа, одбрана, образование и здравство | -4,5 | -0,9 | -0,2 | -1,9 | -0,5 | -0,1 | 0,0 | -0,2 |
| Уметност, забава и рекреација | -0,4 | 1,9 | 2,7 | 1,4 | 0,0 | 0,1 | 0,1 | 0,0 |
| Нето-даноци на производи | -0,4 | -0,2 | 2,1 | 0,3 | -0,1 | 0,0 | 0,2 | 0,0 |
| *резидуал* | | | | | -0,3 | 0,0 | 0,1 | -0,2 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-3-2023) и пресметки на МФ.

**Индустрискиот сектор** забележа пад од 0,8%, во чии рамки преработувачката индустрија забележа пад од 1,2%. Согласно високофреквентните податоци, раст во К-3-2023 забележаагранките Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,4%, Рударство и вадење камен од 0,5% и Преработувачка индустрија од 1,0%. Во рамки на преработувачката индустрија позначителен придонес врз падот имаат следните гранки: Производство на

Графикон 1.1. Индустриски сектор
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

облека (пад од 17,0%, придонес 1,2 п.п.), Производство на електрична опрема (пад од 16,1%, придонес 1,0 п.п.) и Производство на тутунски производи (пад од 65,2%, придонес од 0,6 п.п.).

**Земјоделскиот сектор** регистрира раст од 2,0%, по растот од 0,1% во претходниот квартал, додека **градежната активност** опадна за 13,0%, што согласно месечните податоци за вкупните извршени градежни работи се должи на падот во двата сегмента, односно високоградба и нискоградба.

Анализирано според расходната страна на БДП, растот на економската активност е резултат на позитивниот придонес на нето-извозот врз економскиот раст и растот на потрошувачката. Потрошувачката забележа раст од 1,8% на реална основа, во чии рамки **приватната потрошувачка** порасна за 2,8%, додека **јавната потрошувачка** се намали за 3,0% на реална основа.

Графикон 1.2. Придонес во економскиот раст по компоненти
*(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

**Бруто-инвестициите** забележаа пад од 18,2%, со што продолжува падот четврти квартал по ред.

Графикон 1.3. Инвестиции и градежна активност
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

**Извозот на стоки и услуги** забележа пад од 5,0% на реална основа, а **увозот на стоки и услуги** пад од 9,8%. Оттука, и покрај падот на извозот, нето-извозот бележи позитивен придонес врз економскиот раст.

Табела 2: БДП и компоненти по расходен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Компоненти | реален раст (%) | | | | придонес во раст (п.п.) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | К1 2023 | К2 2023 | К3 2023 | К1-К3 2023 | К1 2023 | К2 2023 | К3 2023 | К1-К3 2023 |
| Бруто-домашен производ | 1,5 | 1,1 | 1,2 | 1,2 | | | | |
| Финална потрошувачка | -0,2 | 2,1 | 1,8 | 1,2 | -0,2 | 1,8 | 1,6 | 1,0 |
| Приватна | 0,7 | 2,8 | 2,8 | 2,1 | 0,4 | 2,0 | 2,0 | 1,5 |
| Јавна | -4,3 | -1,1 | -3,0 | -2,8 | -0,7 | -0,2 | -0,5 | -0,4 |
| Бруто-инвестиции | -21,8 | -4,4 | -18,2 | -14,5 | -9,4 | -1,6 | -5,5 | -5,3 |
| Извоз на стоки и услуги | 6,6 | -1,4 | -5,0 | -0,2 | 4,6 | -1,1 | -3,9 | -0,2 |
| Увоз на стоки и услуги | -5,0 | -2,0 | -9,8 | -5,6 | -4,6 | -2,0 | -9,2 | -5,4 |
| Нето-извоз | | | | | 9,3 | 0,9 | 5,4 | 5,2 |
| *резидуал* | | | | | 1,7 | 0,0 | -0,2 | 0,3 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-3-2023) и пресметки на МФ.

Графикон 1.4. Реални годишни стапки на раст на БДП во ЕУ и регионот, во %




Извор: Евростат и национални заводи за статистика.
*Податокот за Западен Балкан (6) се однесува на земјите: Албанија, БиХ, Косово, С. Македонија, Србија и Црна Гора.

## 2. Пазар на работна сила

Од почетокот на 2021 година, во сите земји членки на ЕУ, Анкетата за работната сила се спроведува во согласност со Регулативата (ЕУ) бр. 2019/1700 на Европскиот парламент и Советот за социјална статистика и соодветната извршна регулатива на Комисијата (ЕУ) бр. 2019/2240 за областа работна сила. РСМ ги имплементираше овие регулативи во 2023 година, а

претходната Регулатива (ЕЗ) бр. 577/98 беше укината. Овие промени предизвикаа прекин на временските серии податоци, па во таа насока податоците за 2023 година не се споредливи со податоците од претходните години.

## Вработеност

Во К-3-2023, според Анкетата на работната сила, **бројот на вработени лица** на возраст од 15 до 89 години изнесува 692.768, што претставува раст од 0,4% (или 3.054 лица), споредено со вториот квартал.

**По дејности**, најголем број од вработените во К-3-2023 се во услужната дејност (427.338 лица или 61,7% од вкупно вработените), а потоа следи индустријата со вкупно 162.181 лице (23,4% учество во вкупниот број вработени лица), во чии рамки најголем број вработени бележи секторот Преработувачка индустрија (133.582 вработени лица или 19,3% од вкупно вработените). Вработените во земјоделскиот сектор и градежништвото учествуваат со по 7,2%, односно 50.207 и 49.570 лица соодветно, во вкупниот број вработени лица.

Во рамки на услужната дејност, најголем дел од вработените се во секторот Трговија на големо и трговија на мало (102.601 лице или 14,8% од вкупно вработените), следено од секторите: Образование (55.040 лица или 7,9% од вкупно вработените), Јавна управа и одбрана (52.305 лица или 7,6% од вкупно вработените) и Дејности на здравствена и социјална заштита (50.675 лица или 7,3% од вкупно вработените).

Од вкупниот број вработени, 506.714 лица се вработени во субјекти во приватна сопственост (73,1% од вкупно вработените), додека 186.054 лица се вработени во субјекти од мешовита, задружна или државна сопственост (26,9% од вкупно вработените).

**Стапката на вработеност** во К-3-2023 во категоријата од 15 до 64 години изнесува 57,1%, а во категоријата од 15 до 89 години 45,7%. Во однос на претходниот квартал стапката на вработеност е зголемена за 0,3 п.п. и 0,2 п.п., соодветно. Кај лицата од 15 до 29 години, стапката на вработеност изнесува 33,0% или повисока за 1,8 п.п. споредено со претходниот квартал.

Графикон 2.1 Пазар на труд




Извор: Државен завод за статистика

**Според половата структура**, стапката на вработеност во категоријата 15 - 89 години е значително повисока кај мажите и изнесува 52,3% наспроти 39,9% кај жените.

## Невработеност

**Вкупниот број невработени лица** на возраст од 15 до 74 години изнесува

102.134 лица. Во К-3-2023, **стапката на невработеност** во категоријата од 15 до 74 години изнесува 12,8%, што претставува намалување за 0,3 п.п. споредено со претходниот квартал. Стапката на невработеност во категоријата 15 - 64 години изнесува 12,9%, додека кај младите (возрасна група од 15 до 29 години) 24,0% и во однос на К-2-2023 година тие се намалени за 0,3 п.п. и 0,5 п.п., соодветно.

**Според половата структура**, стапката на невработеност кај женското население од возрасната група 15 - 74 во К-3-2023 изнесува 10,9% и е пониска за 3,4 п.п. во однос на стапката на невработеност кај мажите од истата возрасна група, која изнесува 14,3%.

## Активно население

**Вкупното активно население** на возраст од 15 до 89 години во К-3-2023 изнесува 794.902 лица или 52,4% од вкупното работоспособно население.

**Според половата структура,** стапката на активност кај жените од возрасната група 15 - 89 години изнесува 44,2% и е пониска за 16,8 п.п. од онаа кај мажите (61,0%).

## Плати

Просечната месечна **нето-плата** во К-3-2023 изнесува 36.850 денари или за 14,9% повисока на номинална основа споредено со истиот квартал од 2022 година, додека на реална основа таа е повисока за 6,6%.

Највисока нето-плата во К-3-2023 е исплатена во секторот Информации и комуникации (69.573 денари), по што следат Финансиски дејности и дејности за осигурување со 51.604 денари, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со просечно исплатена нето-плата во висина од 49.046 денари и секторот Рударство и вадење камен (47.943 денари).

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Просечната месечна **бруто-плата** во К-3-2023 изнесува 55.307 денари, што претставува раст од 15,2% на номинална основа и 6,9% на реална основа.

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-3-2023 учествуваат со 30,8% во кварталниот БДП и се повисоки за 6,5% споредено со третиот квартал од 2022 година, а притоа раст бележат даноците за 3,7% и придонесите за 16,3% додека неданочните приходи се намалени за 8,9%. Кај даночните приходи, повисока наплата е забележана кај данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ и увозните давачки.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К3
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

Наплатата на индиректните даноци во К-3-2023 во споредба со К-3-2022 е зголемена за 1,8%, а на директните даноци за 9,2% . Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството на приходите од директни даноци е зголемено за 0,1 п.п. на годишно ниво, односно од 4,6% колку што изнесуваше во третиот квартал минатата година на 4,7% од кварталниот БДП во истиот квартал оваа година. Учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-3-2023 изнесува 12,3% и е пониско за 0,6 п.п. во однос на К-3-2022 кога изнесуваше 12,8%.

Кај **индиректните даноци** доминираат приходите од ДДВ кои претставуваат 45,8% од вкупните даночни приходи во К-3-2023, а се зголемени за 4,0% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал претходната година, приходите од акцизи се пониски за 5,9%, а приходите од царински давачки повисоки за 10,0%.

Графикон 3.2. Остварувања на буџетските приходи во К3 2023
(во мил. денари)




Во рамки на **директните даноци**, данокот на личен доход забележа зголемување од 11,7%, а приходите од

данокот на добивка 5,1% во однос на истиот квартал претходната година.

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 16,3%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 16,3%, кај придонесите за вработување за 16,6% и кај придонесите за здравствено осигурување од 16,4%.

**Неданочните приходи**, кои претставуваат 2,1% од кварталниот БДП, во К-3-2023 беа реализирани за 8,9% помалку во однос на истиот квартал од 2022 година.

**Капиталните приходи**, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови и приходи од дивиденди, во К-3-2023 беа повисоки за 5,7% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** се пониски за 21,4% во споредба со истиот квартал од 2022 година.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-3-2023, со учество од 32,6% во кварталниот БДП, се повисоки за 3,4% споредено со истиот квартал од 2022 година.

Графикон 3.3. Остварувања на буџетските расходи во К3 2023
(во мил. денари)




**Тековните расходи**, кои претставуваат 30,0% од кварталниот БДП, учествуваат со 91,8% во вкупните расходи и беа реализирани за 1,1% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа намалување од 9,3%, а расходите за плати и надоместоци зголемување од 13,8% во однос на истиот квартал претходната година.

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 66,8% во вкупните расходи, беа реализирани за 2,8% помалку на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 13,8% и учествуваа со 51,9% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 18,3% и забележаа учество од 31,7% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, во која спаѓаат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, изнесува 14,3% во вкупните расходи и забележа намалување од 36,4% во однос на третиот квартал од 2022 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 13,1%, додека субвенциите и трансферите се намалија за 66,7% споредено со К-3-2022.

Расходите за каматни плаќања се зголемени за 53,4% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување за 26,1%, а каматните расходи по надворешен долг за 66,3%.

**Реализацијата на капиталните расходи**, кои претставуваат 2,7% од кварталниот БДП, е поголема за 38,4% споредено со истиот квартал од 2022 година и нивното учество во вкупните расходи изнесува 8,2%.

Графикон 3.4. Буџетски остварувања во К3 2023




## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

**Министерството за труд и социјална политика** во К-3-2023 година реализира 15.048 милиони денари или 27,1% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (69,0%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 10.388 милиони денари или 29,1% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, која учествува со 21,9% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 24,1% (3.296 милиони денари) од планираните за 2023 година.

**Во анализираниот период, Министерството за образование и наука** изврши буџетски средства во износ од 7.380 милиони денари, што е 21,1% од вкупниот буџет за 2023 година. Најголем дел од расходите (65,3%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 4.821 милион денари или 23,7% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 19,3%, за што се потрошени 1.423 милиони денари, односно 24,7% од вкупно предвидените.

Графикон 3.5. Структура на расходи по буџетски корисници во К-3-2023 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

**Владата на Република Северна Македонија** во К-3-2023 година реализира вкупно 675 милиони денари, односно 6,8% од планираните средства за 2023 година. Притоа, субвенции и

трансфери имаат доминантно учество од 55,1% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, за што се реализирани 372 милиона денари (10,4% од предвидените средства).

Во анализираниот период, **Министерството за внатрешни работи** реализира вкупно 2.933 милиони денари, што претставува 22,7% од сопствениот буџет за 2023 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 71,6%, за што се потрошени 2.101 милион денари или 24,1% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 14,2%, за што се реализирани 417 милиони денари или 17,1% од годишниот план.

Во К-3-2023 година, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** реализира 763 милиони денари што претставува 7,4% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 61,5% во вкупните расходи, реализирани се 5,3% од планираните средства, односно 469 милиони денари.

Во периодот К-3-2023 година, **Министерството за здравство** изврши буџетски средства во износ од 1.968 милиони денари, што е 27,3% од вкупниот буџет за 2023 година. Расходите за тековни трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во вкупните расходи од 52,1%, за што се потрошени 1.025 милиони денари или 33,1% од средствата наменети за 2023 година. За стоки и услуги издвоени се 813 милиони денари, односно 25,6% од вкупно планираните.

**Министерството за одбрана** во периодот К-3-2023 година реализира 3.633 милиони денари, што е 24,1% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци имаат најголемо учество во вкупните расходи и тоа од 36,5%, за што во анализираниот период се потрошени 1.325 милиони денари, односно 24,4% од вкупно предвидените. Капитални расходи е втора најзначајна ставка во структурата на вкупните расходи со учество од 32,0% и исплата од 1.161 милион денари, што е 25,9% од планираните средства за тековната година.

**Во овој период, Министерството за транспорт и врски**реализира 1.386 милиони денари, што е 6,9% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 6,0% од предвиденото за цела година (1.144 милиони денари).

**Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство** во периодот К-3-2023 година реализира 358 милиони денари што претставува 21,9% од вкупниот буџет за оваа година. Капиталните расходи имаат најголемо учество со 49,3% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 176 милиони денари, односно 25,4% од вкупно предвидените. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка во структурата на вкупните расходи со учество од 37,2% и

исплата од 133 милиони денари, што е 24,2% од планираните средства за тековната година.

**Во овој период, Управата за јавни приходи** реализира 943 милиони денари, што е 24,2% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, како главна ставка, изнесува 25,8% од предвиденото за цела година (714 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска (*http://finance.gov.mk/квартален-економски-извештај/*).

## 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во третиот квартал од 2023 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 3.983 милиони денари или 1,8% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет 5.414 милиони денари, односно 2,5% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-3-2023 изнесува 47,8% од БДП и забележа намалување на своето учество во БДП за 2,2 п.п. во однос на К-2-2023. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-2-2023 е намалено за 4,0 п.п. и изнесува 57,4%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено и изнесува 42,6% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.6. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

# 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација** во К-3-2023, мерена според Индексот на трошоци на живот, изнесува 7,7% (11,2% во претходниот квартал) на годишна основа и е намалена за 3,5 п.п. во споредба со К-2-2023. Во третиот квартал од 2023 година потрошувачките цени регистрираат понатамошно засилено намалување, што се пресликува од падот на цените на храната и енергентите на светските берзи, при што најголем придонес во растот имаа цените на храната.

Базичната инфлација бележи забавување на растот, но сепак сè уште регистрира високи стапки на раст во третиот квартал, поточно 7,2% (9,3% во К-2-2023), при што најголем придонес имаат категориите Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата и Ресторани и хотели. Базичната инфлација се смирува побавно од очекуваното што е последица на заостанатите ефекти од минатогодишните зголемувања на цените на храната и енергентите.

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Во третиот квартал, цените на енергентите и на примарните производи на светските берзи забележуваат понатамошно намалување и смирување по енормниот раст поради ценовните нарушувања предизвикани од војната во Украина и економските последици од неа. Сепак, инфлацијата во еврозоната и во регионот се покажа како поупорна, особено базичната, и покрај напорите на централните банки кои ги зголемија основните каматни стапки со цел да ја зауздат инфлација.

Гледано по компоненти, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци во К-3-2023 регистрираа раст од 10,2% (14,4% во претходниот квартал), што претставува понатамошно намалување во споредба со претходниот квартал и е во согласност со движењата на цените на светските берзи. Нивото на цените на храната е резултат на цените на лебот и житата, месото, млекото, сирењето и јајцата и зеленчукот. Во третиот квартал цените на маслото регистрираа намалување.

Раст на потрошувачките цени во К-3-2023 се забележува и во следните категории: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 13,0%, Разновидни стоки и услуги од 10,4%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 8,2%, Ресторани и хотели од 8,0%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 7,9%, Облека и обувки од 5,2%, Рекреација и култура и Здравствена заштита од по 4,9%, Образование од 2,7% и Комуникации од 0,4%. Цените во категоријата Транспорт регистрираа намалување од 2,0%, како резултат на намалувањето на цените на горивата. Во третиот квартал цените на мало регистрираа раст од 5,0%.

Како одговор на растечката инфлација и инфлациските очекувања во текот на 2022 година, Народната банка ја зголеми **основната каматна стапка** во неколку наврати**, а** затегнувањето на монетарната политика продолжи и во 2023 година, па така во третиот квартал НБРСМ ја зголеми каматната стапка од 6,00% колку што изнесуваше во јуни на 6,30% во септември 2023 година.

Во согласност со зголемувањето на основната каматна стапка, зголемени беа и каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена и тие изнесуваат 4,20% и 4,25%, соодветно

**Примарните пари**[1] во К-3-2023 забележаа раст од 8,4% на квартална основа (во претходниот квартал е забележан пад од 2,9%), како резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 15,9% и растот на готовите пари за 2,4%.

Во однос на К-3-2022, примарните пари се зголемија за 8,8% (во К-2-2023 е забележан пад од 4,1%), како резултат на растот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 9,1% и 8,6%, соодветно.

Во К-3-2023, најтесната парична маса М1[2] забележа пад од 1,3% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 се намали за 0,2%, а најширокиот монетарен агрегат М4 регистрираше раст од 0,5% на квартална основа.

[1] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[3] на банките во К-3-2023 се зголеми за 0,5% на квартална основа, по растот од 4,5% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се зголемија за 2,8%, додека депозитите на домаќинствата останаа непроменети. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити се намалија за 0,5%, додека девизните депозити регистрираа раст од 1,8%.

Степенот на евроизација е зголемен за 0,5 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 44,6%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-3-2023 се зголеми за 0,7 п.п. споредено со претходниот квартал и тоа изнесува 22,0% (во К-2-2023 изнесуваше 21,3%). Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа зголемување од 1,0%.

**Кредитната активност** на банките во К-3-2023 се зголеми за 0,5% на квартална основа (во претходниот квартал кредитите се зголемија за 2,6%), во услови на пад на кредитите кон претпријатијата од 0,6% додека кредитите кон домаќинствата се зголемија за 1,5%. Од валутен аспект, денарските кредити во К-3-2023 се зголемија за 1,3%, а девизните кредити регистрираа пад од 0,6%.

[3] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 591
www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.5/9-5
издание 5
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Според рочноста, долгорочните кредити во К-3-2023 бележат раст од 1,2% во однос на претходниот квартал, а краткорочните кредити се намалија за 3,1%.

**Каматната стапка**[4] на денарските кредити во К-3-2023 изнесува 5,67% и е зголемена за 0,43 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-3-2023 изнесува 5,29% што значи дека е зголемена за 0,36 п.п. во однос на претходниот квартал.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Каматната стапка на денарските депозити во К-3-2023 изнесува 1,99% и забележа раст од 0,32 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 1,18% и е зголемена за 0,24 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-3-2023 изнесува 5,82%, а на новоодобрените девизни кредити 4,92%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,65% и 1,74%, соодветно.

[4] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-3-2023 изнесува 4.696,7 милиони евра и бележи пад од 7,6% во однос на истиот квартал од 2022 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки




**Извозот на стоки** во К-3-2023 изнесува 1.988,6 милиони евра и во однос на К-3-2022 бележи пад од 3,5%, додека споредено со претходниот квартал пад за 6,4%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), во К-3-2023 е забележан пад на извозот на годишна основа во следните сектори:

- хемиски производи за 10,0% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата хемиски материи и производи за 74,1 милион евра или за 11,5%);
- производи класирани по материјалот за 4,1% (предиво, ткаенини и текстилни производи за 13,3 милиони евра или 42,4%; изработки од метал за 7,6 милиони евра или 23,9%);
- минерални горива и мазива за 21,6% (нафта и производи од нафта за 11,4 милиони евра или 27,3%; електрична енергија за 10,8 милиони евра или 17,1%);
- суровини освен гориво за 17,7% (метална руда и отпадоци од метал за 14,5 милиони евра или 19,9%);
- пијалаци и тутун за 14,1% (тутун и производи од тутун за 11,2 милиона евра или 24,6%) и
- животински и растителни масла за 52,7% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 4,3 милиони евра или 54,8%).

Раст на извозот се забележува во следните сектори:

- разни готови производи за 12,7% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: мебел и негови делови, постелнина, душеци, перници и слично за 17,2 милиона евра или 20,9%; облека за 9,2 милиона евра или 9,2%);
- машини и транспортни уреди за 6,4% (погонски машини и уреди за 12,7 милиони евра или 208,0%; електрични машини, апарати и делови за 11,8 милиони евра или 4,2%; друмски возила за 10,9 милиони евра или 10,9%) и
- производи за храна за 7,7% (жита и преработки од жита за 5,1 милион

евра или 21,7%; кафе, чај, какао, зачини и нивни производи за 2,3 милиони евра или 40,4%).

Гледано **по економска намена**, во К-3-2023 пад на извозот е забележан во следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 100,2 милиона евра или 8,7%;
- горива и мазива за 21,8 милиони евра или 20,9%;

Зголемување на извозот има во следните групи производи:

- стоки за широка потрошувачка за 16,3 милиони евра или 8,0%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 14,5 милиони евра или 7,9%;
- транспортна опрема за 13,2 милиона евра или 5,1% и
- храна и пијалаци за 5,9 милиони евра или 3,9%.

**Увозот на стоки** во К-3-2023 изнесува 2.708,0 милиони евра и е намален за 10,5% во однос на К-3-2022, додека во однос на претходниот квартал бележи пад од 2,5%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, намалување на увозот во К-3-2023 во однос на К-3-2022 се забележува во следните сектори:

- хемиски производи за 23,1% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата неоргански хемиски производи за 102,6 милиони евра или за 61,0%);
- производи класирани по материјалот за 10,6% (обоени метали за 93,7 милиони евра или 23,5%);
- минерални горива и мазива за 32,7% (електрична енергија за 79,3 милиони евра или 63,0%; нафта и производи од нафта за 74,9 милиони евра или 23,0%;) и
- животински и растителни масла за 33,2% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 7,9 милиони евра или 34,7%).

Зголемување на увозот се забележува во следните сектори:

- машини и транспортни уреди за 5,6% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: друмски возила за 28,8 милиони евра или 30,8%; машини специјализирани за одредени индустрии за 20,5 милиони евра или 47,5%);
- суровини освен гориво за 50,5% (метална руда и отпадоци од метал за 17,1 милион евра или 139,1%) и
- производи за храна за 2,6% (овошје и зеленчук за 4,3 милиони евра или 18,2% кафе, чај, какао, зачини и нивни производи за 2,6 милиони евра или 11,7%);
- разни готови производи за 1,8% (мебел и негови делови, постелнина, душеци, перници и слично за 2,2 милиона евра или 8,0%; професионални, научни и контролни инструменти и апарати за 2,0 милиона евра или 8,7%) и
- пијалаци и тутун за 17,7% (пијалаци за 3,4 милиони евра или 15,7%).

Гледано **по економска намена**, во К-3-2023 пад на увозот е забележан во следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 210,5 милиони евра или 14,7% и
- горива и мазива за 165,8 милиони евра или 32,4%.

Зголемување на увозот има во следните групи производи:

- транспортна опрема за 32,4 милиони евра или 26,4%;
- стоките за широка потрошувачка за 14,1 милион евра или 5,5%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 8,5 милиони евра или 2,0% и
- храна и пијалаци за 5,7 милиони евра или 2,2%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-3-2023




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Европската унија (ЕУ 27[5]) во К-3-2023 е намалена за 5,4% во однос на К-3-2022, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 61,4% и е зголемено за 1,5 п.п. споредено со третиот квартал од 2022 година. Притоа, во К-3-2023 извозот на стоки учествува со 77,7%, а увозот на стоки со 49,4%.

[5] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народната банка на Република Северна Македонија, на **тековната сметка** на билансот на плаќања во К-3-2023 е регистриран суфицит од 258,9 милиони евра, што претставува 7,4% од кварталниот БДП, наспроти суфицитот од 3,2% од БДП забележан во истиот квартал од 2022 година.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка
*(во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Анализирано на годишна основа, суфицитот на тековната сметка во К-3-2023 е зголемен за 152,9 милиони евра, односно 144,4%, што се должи на намалувањето на дефицитот на сметката на стоки за 29,1%. Спротивно влијание имаше зголемувањето на дефицитот на сметката на примарен доход за 23,3%, како и на намалувањето на суфицитот на сметката на услуги за 11,3% и на сметката на секундарен доход за 4,0%.

Во К-3-2023 **трговскиот дефицит** е намален за 253,6 милиони евра на годишно ниво, додека во процент од кварталниот БДП тој е намален за 8,9 п.п. на годишна основа, односно изнесува 17,7%.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс
*(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-3-2023 изнесува 291,3 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2022 година е намален за 37,0 милиони евра. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-3-2023 изнесува 151,6% од кварталниот БДП и во однос на К-3-2022 е намалена за 20,6 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-3-2023 забележа дефицит од 170,1 милион евра поточно зголемување за 32,1 милион евра на годишно ниво.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-3-2023 изнесува 756,3 милиони евра и на годишно ниво е

намален за 31,5 милиони евра. Падот се должи на намалувањето на тековните трансфери за 27,8 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 98,9%, како и на намалувањето на официјалните трансфери за 3,7 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 1,1%.

Дефицитот на **капиталната сметка** во К-3-2023 изнесува 0,6 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2022 година е намален за 0,6 милиони евра.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-3-2023 изнесуваат 63,6 милиони евра и во однос на К-3-2022 се намалени за 143,3 милиони евра. Приливот на СДИ во овој период потекнува од сопственички капитал (по овој основ е остварен 168,3% прилив од вкупниот прилив на СДИ) и од реинвестирање на добивката (75,5% од вкупниот прилив на СДИ), додека по основ на должнички инструменти е регистриран одлив.

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Портфолио инвестициите** во К-3-2023 изнесуваат 415,0 милиони евра, додека во К-3-2022 година тие биле негативни. Ваквите движења кај портфолио инвестициите се должат главно на достасувањето на обврските врз основа на петтата еврообврзница во јули и отплатата на камата врз основа на издадени обврзници од државата.

**Останатите инвестиции** во К-3-2023 изнесуваат 213,6 милиони евра и во однос на истиот квартал од минатата година се зголемени за 332,2 милиона евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, валутите и депозитите изнесуваат 268,7 милиони евра, додека сметките на заемите и трговските кредити и аванси бележат негативно салдо од 6,6 и 48,6 милиони евра, соодветно.

**Девизните резерви** на крајот на третиот квартал од 2023 година изнесуваат 3,9 милијарди евра и во однос на К-3-2022 се зголемени за 3,9%. Девизните резерви на крајот на К-3-2023 обезбедуваат 3,9-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.